20252314443

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

Врз основа на член 105 став 5, член 109 став 1 точка 1 точка 7 и член 111 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009, бр. 57/2010, бр. 36/2011, бр. 54/2011, бр. 13/2012, бр. 55/2013, бр. 163/2013, бр. 42/2014 и бр. 199/2014, 146/2015, бр. 31/2016 и бр. 64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/2020, бр. 150/2022, бр. 224/24 и бр. 160/2025), Регулаторната комисија за домување, на седницата одржана на 3.11.2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПОРВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување со станбени згради за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради.

Член 2

Висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување состанбени згради за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради, согласно Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради изнесува:

| Ред. бр. | обука | Денари по лице (учесник) |
|---|---|---|
| 1. | Обука за едно лице | 6000,00 |
| 2. | Обука за две до пет лица | 5000,00 |

Член 3

Надоместокот за организирање и спроведување на обука се уплатува најдоцна до поднесување на барањето за обука  за вршење на дејностите за управување  со станбени згради, на трезорската сметка на Регулаторна комисија за домување број 0200961590631-16.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот н аобјавувањето во „Службен Весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува во рок од три месеци од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-607/1
3 ноември 2025 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија  за домување
м-р **Зоран Маџовски,** с. р.